Општинскиот натпревар по кошарка се одржа на 21 октомври 2024 година, на кој учествуваа учениците: Матеј Савов, Давор Василков, Зоран Тренчев, Алек Мачев, Никола Арсовски, Алексеј Митревски, Марио Џамбаски, Марко Солески и Мартин Стефанов, во салата на СОУ „Коле Нехтенин" Штип. Општинскиот натпревар по ракомет се одржа на 4 ноември 2024 година: Матеј Савов, Давор Василков, Зоран Тренчев, Давор Цековски, Никола Арсовски, Алексеј Митревски, Димитар Филев, Славе Наков, Никола Георгиев и Мартин Стефанов, во салата на ООУ „Тошо Арсов" Штип.

### *5.1.Јавни и културни активности*

На 12 септември 2024 година се одржа концерт на учениците од ДМУЦ „Сергеј Михајлов" Штип во соработка со НУЦК „Бели Мугри" Кочани. Учениците ја покажаа својата музичка талентираност ја покажаа на одржаниот настан во камерната сала, при што беше истакнато силното партнерство и посветеноста на културното збогатување. Одбележувањето на патрониот празник на училиштето се одржа на 26 септември 2024 година во училишниот двор со концерт на дел од наставниците кои настапија со музички точки во чест на основачот на нашето училиште Сергеј Михајлов. На 28 октомври 2024 година, Биг Бендот, составен од талентирани ученици и посветени наставници, одржа извонреден евергрински настап во салата на НУЦК „Бели Мугри" во Кочани. Бендот се претстави со девет музички дела, славејќи го безвременскиот шарм на македонските евергрини.Учениците по народни инструменти Софија Ангелова, Теа Златева, Дамјан Илиев и Иван Ангелески зедоа активно учество на „Денови на Вања Лазарова" во ЈОУ Дом на култура „Лазар Софијанов" Кратово. Настанот беше во вид на тридневна работилница со завршен концерт која се одржа во период од 14 до 17 ноември 2024 година. Во годината што измина успеавме да ја продолжиме нашата традиција за: свечено одбележување на патрониот празник 20 септември и реализација на Новогодишниот концерт.

### 6.Извори на финансирање (донации и спонзорства) на училиштето

ДМУЦ „Сергеј Михајлов" е непрофитабилна воспитно-образовна институција, која главното финансирање го добива од Министерството за образование и наука на РС Македонија.

Значајни средства училиштето може да обезбеди од донаторства и грантови од аплицирани проекти. На почетокот на септември 2024 година, со заеднички напори на м-р Горан Кавраков и наставниците Александар Димитров и Павлина Димитрова, беше финализиран договор за донација на половно пијанино „Ед Сеилер" од Германија во сопственост на две физички лица. Овој музички инструмент е вреден додаток на ресурсите на нашето училиште. Музичкиот инструмент се очекува официјално да биде доставен и претставен во нашето училиште во ноември / декември 2024 година. Дополнително беше остварена соработка помеѓу м-р Горан Кавраков и наставниците Александар Димитров и Павлина Димитрова, што кулминираше со договор за донација на половна хармоника „Хохнер" во сопственост на истите физички лица од Германија. Се очекува музичкиот инструментот да пристигне во второто полугодие од годината.

За реализација на новогодишниот концерт, училиштето добива поддршка од бизнис секторот на локално ниво, од Локалната самоуправа, СОУ „Коле Нехтенин"- Штип и УСАИД.

### 7.Оспособеност за тимска работа

Тргнувајќи од фактот дека тимската работа го подобрува квалитетот во извршувањето на работата, а заедничките цели можат побрзо да се постигнат, нашето училиште прави големи заложби за функционирање и унапредување на тимската работа. За било која активност во училиштето се организираат тимови одредени од страна на директорот, заедно со раководителите на одделите, како и за

изготвување на Годишен извештај и Годишна програма за работа на училиштето.

## 8.Соработка со Локалната самоуправа и институции во опкружувањето

ДМУЦ „Сергеј Михајлов", во првото полугодие од учебната 2024/2025 година оствари соработка со поголем број на институции од нашата општина во различни области.

- **Соработка со Локалната самоуправа**

Соработката со одделението од Штип при УЈП продолжува за годишниот проект „Фискален систем на Р.С.Македонија“ со цел за запознавање на учениците со фискалниот систем и за начинот на негово функционирање. Беше одржана презентација од страна на вработена од УЈП на 17 октомври 2024 година во салата на училиштето.

Посетата и едукацијата на учениците од страна на претставници на ЦЈЗ за “Сексуално преносливи болести“ се одржа на 21 ноември 2024 година во салата на училиштето.

Септемвриската средба помеѓу м-р Горан Кавраков и проф. Д-р Ема Попивода од Музичката академија при УГД Штип беше посветена на спроведување соработка за размена на ученици во текот на второто полугодие. Иницијативата има за цел на пролет да организира заеднички настан / концерт помеѓу ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ и средното училиште „Сендаи Кумамото“ Тамана. Соработката, поттикната од универзалниот јазик на музиката, продолжува да го зацврстува пријателството меѓу државите, одбележувајќи над 30 година дипломатски односи.

Дополнително се работи, на полето за проширување, збогатување и продлабочување на соработката со Локалната самоуправа и Советот на Општина Штип, искористувајќи ги сите можности кои што ги нудат во смисла на остварување на најразлични проекти.

Се продолжи со соработка со локалните медиуми (пишани и електронски), НУЦК „Ацо Шопов“ и други институции.

- **Соработка со ОО Црвен крст – Штип -** Се реализираа активности во вид на крводарителска акција за дарување на крв - спасување на човечки животи;
- Соработка со културните институции во градот - **НУЦК „Ацо Шопов“** во насока на искористувањето на воспитно - образовниот потенцијал, кои го имаат овие институции, па сѐ до вклучување на учениците и вработените, за реализирање на некои проекти предвидени во програмата на овие институции;
- **Соработка со локалните електронски медиуми -** ТВ Стар, М- НЕТ, Angels fm, МИА и АЛФА во насока на актуелизирање на нашето училиште и презентирање на постигнатото, но и соработка и објавување на текстови за ученици и наставници од нашето училиште, во весникот Штипски глас;
- **Соработка со родителите**

Еден од главните сегменти во подобрувањето на квалитетот на наставата и афирмирањето на работата на училиштето е соработката со

родителите и реализирањето на програмата на современи и поефикасни форми за вклучување на родителите во животот на училиштето и афирмација на функцијата на родителскиот совет како еден од битните сегменти и движечки фактор во воспитно-образовниот процес.

### 9.Изјава за мисијата

## МИСИЈА НА ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“

Музичката уметност како еден од најбитните сегменти во развојот на цивилизираниот и културниот растеж на еден народ е примарна наука, која преку едукативна мисија се става во служба на народот. ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ е музичко педагошка институција која има за цел да создава музички образовен кадар кој ќе ја продолжи мисијата во развојот на свеста и културолошкото издигнување од поширока димензија. Мисијата е битен елемент во програмскиот процес на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“. Наставниците преку разни форми на педагошка работа во текот на годината беа конструктивни, креативни, со правилен пристап на анимирање на стручната литература, со цел да ја разбудат свеста на учениците и интересот и љубовта према музичката уметност, која овозможува едукативниот процес да биде ефективен и учениците да маневрираат во музичкиот простор со знаења кои ќе можеме да ги презентираме преку семинари, јавни часови, концерти, трибини итн.

Работната атмосфера беше на високо ниво, а тимската работа беше приоритетна и се рефлектираше на индивидуалната потенцираност и заводолство од работата. Во образовниот процес на учениците беа обезбедени релевантни, иновативни искуства и практика за учење, кои овозможија следење на технолошкиот развој и примена на образовна и информатичка технологија. Мисијата како главен двигател на сите механизми за нормално одвивање на воспитно - образовниот процес во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“, има јасна концепција. Мисијата ја реализираа стручни наставници кои беа максимално подготвени, нивните работни задачи беа реализирани професионално, а тоа се рефлектираше преку стекнатите знаења од страна на учениците - практично применувајќи ги преку свирење, компонирање, креирање на музички формални целини и преку хорски и оркестарски настапи. Овој добиен продукт беше презентиран пред јавноста, преку мултимедијални гласила кои овозможија уште поголем авторитет, публицитет и интерес за музичкото образование.

### 10.Изјава за визијата

Нашето училиште во иднина го гледаме како мал космос на уметноста и знаењето. Со добра мисла за нашата иднина, со силата на својот ум и научен придонес, ова училиште да стане иден личен космос за секој што има храброст и сака постојано да открива, да осознава, да учи и да создава. Според тоа, идни млади музички уметници, напред! Пречекорете го прагот и влезете во светот на музиката,

затоа што сте добредојдени во нашиот Дом! Вие сте нашиот правец и нашата моторна сила, единствениот мотив и основната цел.

Визијата на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ е составен дел од планирањето на развојот на училиштето. Поставена на реални основи, нашата визија претставува јасна проекција за иднината која треба да биде подобра од актуелната состојба. Во поширока смисла на зборот, нашата визија како свој приоритет ги има учениците, младите - оние на кои светот останува и подобрувањето на квалитетот на нивниот живот како наша стратешка определба што всушност е визија на секое општество. Во потесна смисла, од аспект на воспитно - образовната организација на училиштето, наша приоритетна цел е организација на воспитно - образовната работа. Со втемелувањето на демократските принципи, со појавата на брзи општествени промени и експанзија на информации, соочени сме со проблемот како најдобро да ги подготвиме и оспособиме нашите ученици за да стекнат квалитетно знаење и вештини и како понатаму да ги искористат за еден побогат, поуспешен и поквалитетен живот. За таа цел заеднички дејствуваат сите субјекти во воспитно – образовната работа: директорот, наставниот кадар, педагогот, психологот, родителите и учениците, преку споделување, планирање и реализација на своите идеи, планови, желби и соништа. Може да се констатира дека сегашната состојба во која се наоѓа училиштето е значително подобрена, како надворешно, така и внатрешно.

Проблемот со неповолните просторни услови за работа е надминат, но и понатаму мора да се работи за уште подобри и попрофесионални услови за работа.

Потребно е да се потенцира дека состојбата со инструментите сеуште не е на завидно ниво. Во текот на учебната година се почувствува недостиг на финансии за учество на натпревари од национален и меѓународен карактер, за организирање на концерти на кои ќе се промовираат нашите ученици, или за организирање посети на концерти, балет, опера, филхармонија, организирање научни екскурзии итн.). Затоа, во иднина ќе се настојува овие проблеми да се надминат. Согласно развојот на образованието во државата, реформите и трендот за промовирање нови креативни и иновативни наставни техники согласно европската образовна политика, нашите погледи преку целата година беа насочени кон збогатување, динамизирање и подобрување на квалитетот на наставата заради активно стекнување трајни знаења и вештини кои на учениците им помогнаа да се изградат како вистински личности и музички уметници. Затоа и понатаму ќе ги следиме и инкорпорираме новитетите од областа на образованието, достигнувањата од технолошкиот развој во наставата, сè со општа цел: создавање на стимулативна средина која ќе продуцира квалитетни музички кадри кои ќе одговорат на потребите на пазарот на трудот. Очекувањата дека нашата визија е реална веќе се потврдуваат:

Организацијата на наставниот кадар по стручни активи со кои раководат Координатори на оддели се покажа како мошне целисходна бидејќи секој Координатор има увид во состојбите на конкретниот оддел и согласно тоа се преземаат конкретни активности. Наставниците поминаа низ обуки за професионален развој за примена на нови наставни техники и за компјутеризација во образованието; Поради активното вклучување на сите субјекти во процесот на составување,

споделување и реализација на визијата, училиштето доби нов лик и ќе продолжи да функционира како вистински дом во кој секој гостин може да си формира свој космос и да се реализира на професионален план. Наша желба и понатаму е создавање на амбиент за професионално усовршување на наставниот кадар кој ќе продуцира подобри ученици, уметници, идни студенти на музичките академии, идни амбасадори на македонската музичка култура во светот.

Настојувањата постојано да се подобруваат состојбите во секој поглед во училиштето се наша основна заложба.

## 11.Подрачја на промени и приоритети

Поаѓајќи од потребата за организациска ефикасност на воспитно - образовниот процес, неопходно е вклучување на позитивните организациски промени, кои се планирани и се во функција на оптимизирање на подолг период, што подразбира дека не смеат да бидат парцијални, без оглед на нивната успешност. Промените ги вклучуваат сите суштествени училишни активности, класифицирани по приоритети, а се условени од потребите и интересите на учениците и наставниците, во склад со реалните можности на училиштето.

### *11.1.Извештај за реализираните цели, задачи и активности*

Во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година беа реализирани активности предвидени во Годишната програма за работа на училиштето:

- Соодветно пренесувани и имплементирани пропишаните Наставни планови и програми;
- По сите наставни предмети навреме беа изготвени глобални и тематски планирања, како и краткорочни планови (дневно, план за час);
- Изготвени планирања (со акцент на Образованието за животни вештини) од раководителите на паралелките, за работа на класните часови;
- Посебна помош и поддршка им се дава на сите наставници – почетници (приправници) и наставници, кои за првпат реализираа настава, од страна на раководниот, педагошкиот стручен кадар и менторот;
- Одржување на дополнителна настава со ученици, кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни програмски содржини;
- Одржување на додатна настава со учениците кои се талентирани, надарени и покажуваат посебни афинитети кон одредени наставни предмети и подготвување за натпревари;
- Консултативна настава се реализираше претежно со учениците од завршната, четврта година на образование, заради правилно и навремено изготвување на проектните задачи за државна матура. Менторите ги воведуваа матурантите во методологијата на изработката, начинот на презентирање и одбрана на проектнита задача;
- Се одржаа советувања на родители на ученици кои имаат исти или слични

проблеми во училиштето. Беа преземени конструктивни мерки во насока на подобрување на целокупниот однос на родителите со нивните деца - тинејџери, наши ученици:

- Дадени им се совети за развивање на емпатиското размислување во однос на нивните деца за да можат полесно да ги сфатат и успешно се справат со предизвиците произлезени од развојните кризи низ кои поминуваат учениците;
- Дадени им се препораки за поуспешно комуницирање на релацијата родител – дете;
- Будно следење на секоја промена во однесувањето и идентификување на причините за отсуствата од наставата или намалениот успех;
- Споделување на меѓусебни позитивни искуства кои се покажале како успешни во градењето на односот со нивните деца и делувале мотивирачки.

**Реализирани активности во делот на еднаквите можности, труд, социјала и здравство:**

- Креативни работилници на класните часови, во рамките на Образование за животни вештини кои опфаќаат теми од делот на еднаквите можности, родовата еднаквост, полова рамноправност, општествена рамноправност, инклузија на маргинализираните групи на луѓе, недискриминација, граѓанско општество;
- Отстранување на непотребни и нефункционални предмети од училиштето, отстранување на отпадот околу училишнатата зграда, чистење на ходниците.

**12.Училишни екскурзии**

Имајќи предвид дека училишните екскурзии се важен сегмент од севкупната работа со учениците и влијаат врз развивањето, поттикнувањето и остварувањето на нивните различни интереси, а претставуваат облик на воспитно-образовна работа, кој се остварува преку низа активности надвор од училиштето (посети на природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, техничко-технолошки објекти и други локалитети), во согласност со одредени цели и задачи на наставните програми, како и согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година, не беше реализирана завршна екскурзија за учениците во четврта година.

## 13.ПРИЛОЗИ- ПОСЕБНИ ИЗВЕШТАИ

***Извештај за работата на в.д. директор Илија Ќосевски на училиштето ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип усогласени со Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година, заклучно од 16 ноември 2024 година до 31 декември 2024.***

Извештајот за напредокот на завршените и тековните активности усогласени со Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година е структуриран хронолошки и истиот е изготвен во консултација со училиштен педагог Лилјана Неделковска, психолог Бисера Николова, Тоше Митрев, Благој Јанев, Виолета Арсовска, Дејан Лазаревски.

1) ***Соработка со локалната заедница***

- Соработка со СОМА - Студентски Организирана Медицинска Асоцијација, ја одразува заедничката посветеност за поттикнување на општествена одговорност. Преку подигањето на свеста за ХИВ вирусот се испорачуваа превентивни стратегии врз важноста на здравствената свест во нашата училишна заедница и вредни статистички податоци на застапеност на државно ниво. Голема благодарност за едукативната и влијателна сесија која ја нагласува моќта на знаењето во заштитата на здравјето. Едукацијата беше спроведена на 2 декември 2024
- Соработка со  Гласен Текстилец во нашето училиште започна со првата врсничка едукација за 2024. Нашата ученичка и едукаторка Ива Салтирова ги запозна учениците со: Законот за работни однос, разлики помеѓу меѓуврсничко насилство и мобинг, работничките права и обврски, како да се пријави прекршок и како да се постапи во несакани ситуации. Важни компоненти од Законот за работни односи, а се однесуваат за малолетни лица. Едукацијата се одржа на 2 декември 2024.
- Соработка со ООЦКРСМ Штип беше организирана крводарителска акција во училиштето на 3 декември 2024.

2) ***Концерти, јавни настапи,  натпревари***

Учениците по народни инструменти Софија Ангелова, Теа Златева, Дамјан Илиев и Иван Ангелески зедоа активно учество на „Денови на Вања Лазарова“ во ЈОУ Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово. Настанот беше во вид на тридневна работилница со завршен концерт која се одржа во период од 14 до 17 ноември 2024 година.

Јавни часови беа одржани во месец декември од страна на учениците од сите оддели, пијано, жичени и дувачки оддел.

Настапи на учениците од пијано, жичени и дувачки оддел на Новогодишен базар одржан на 9,12 и 16 декември 2024.

Настап во НУУБ „Гоце Делчев“ ученици по флејта и виолина одржани на 17 и 20 декември 2024.

Реализирање на Новогодишен концерт на 24 и 25 декември 2024 на сите ученици од ОМУ и СМУ при ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип

***3) Натпревари***

Меѓународен натпревар по пијано „Пијано кеј“ во Скопје одржан на 15 декември 2024.

**В.Д. ДИРЕКТОР**
**Илија Ќосевски**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, ОД 2 СЕПТЕМВРИ 2024, ЗАКЛУЧНО СО 15 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Извештајот за напредокот на завршените и тековните активности усогласени со Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година е структуриран хронолошки и истиот е изготвен во консултација со в.д. директор Илија Ќосевски, м-р Горан Кавраков, училиштен педагог Лилјана Неделковска, Александар Димитров, Павлина Димитрова, Петар Трбојевиќ, Габриела Ќосева, Сашо Стефанов и Јорданка Тодорова.

***1) Донации***

На почетокот на септември 2024 година, со заеднички напори на м-р Горан Кавраков и наставниците Александар Димитров и Павлина Димитрова, беше финализиран договор за донација на половно пијанино „Ед Сеилер“ од Германија во сопственост на две физички лица. Овој музички инструмент е вреден додаток на ресурсите на нашето училиште. Музичкиот инструмент се очекува официјално да биде доставен и претставен во нашето училиште во ноември / декември 2024 година.

Дополнително беше остварена соработка помеѓу м-р Горан Кавраков и наставниците Александар Димитров и Павлина Димитрова, што кулминираше со договор за донација на половна хармоника „Хохнер“ во сопственост на истите физички лица од Германија. Се очекува музичкиот инструментот да пристигне во второто полугодие од годината.

***2) Соработка со локалната заедница***

Соработка со одделението од Штип при УЈП продолжува за годишниот проект „Фискален систем на Р.С.Македонија“ со цел за запознавање на учениците со фискалниот систем и за начинот на негово функционирање. Беше одржана презентација од страна на вработена од УЈП на 17 октомври 2024 година во салата на училиштето.

Посетата и едукацијата на учениците од страна на претставници на ЦЈЗ за “Сексуално преносливи болести“ се одржа на 21 ноември 2024 година во салата на училиштето.

Септемвриската средба помеѓу м-р Горан Кавраков и проф. Д-р Ема Попивода од Музичката академија при УГД Штип беше посветена на спроведување соработка за размена на ученици во текот на второто полугодие. Иницијативата има за цел на пролет да организира заеднички настан / концерт помеѓу ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ и средното училиште „Сендаи Кумамото“ Тамана. Соработката, поттикната од универзалниот јазик на музиката, продолжува да го зацврстува пријателството меѓу државите, одбележувајќи над 30 години дипломатски односи.

***3) Посети***

На посетата на Македонската филхармонија на 19 септември 2024 година, учениците имаа можност да присуствуваат на 47. Денови на Македонската музика со следнава програма: Томислав Зографски, Бојана Петровиќ Алексова, Дамјан Темков, Панде Шахов и Јана Андреевска, под диригентската палка на Томаш Херцог од Швајцарија.

Согласно доставеното Барање од општина Штип и координаторот на „Макфест" за активно учество, дел од учениците присуствуваа на генералните проби на Фестивалот на забавна музика „Макфест" 2024 година на 25 и 26 октомври 2024 година.

***4) Училишни активности***

Согласно Годишната програма за работата на училиштето, еко-акцијата беше успешно спроведена на 25 септември 2024 година. Учениците и вработените соработуваа за чистење на училишниот двор и училниците наменети за групни и индивидуални часови, поттикнувајќи поуредна и поинспиративна средина за учење.

***5) Концерти***

На 12 септември 2024 година се одржа концерт на учениците од ДМУЦ „Сергеј Михајлов" Штип во соработка со НУЦК „Бели Мугри" Кочани. Учениците ја покажаа својата музичка талентираност ја покажаа на одржаниот настан во камерната сала, при што беше истакнато силното партнерство и посветеноста на културното збогатување.

Одбележувањето на патронот празник на училиштето се одржа на 26 септември 2024 година во училишниот двор со концерт на дел од наставниците кои настапија со музички точки во чест на основачот на нашето училиште Сергеј Михајлов.

На 28 октомври 2024 година, Биг Бендот, составен од талентирани ученици и посветени наставници, одржа извонреден евергрински настап во салата на НУЦК „Бели Мугри" во Кочани. Бендот се претстави со девет музички дела, славејќи го безвременскиот шарм на македонските евергрини.

Учениците по народни инструменти Софија Ангелова, Теа Златева, Дамјан Илиев и Иван Ангелески зедоа активно учество на „Денови на Вања Лазарова" во ЈОУ Дом на култура „Лазар Софијанов" Кратово. Настанот беше во вид на тридневна работилница со завршен концерт која се одржа во период од 14 до 17 ноември 2024 година.

***6) Општински натпревари***

Општинскиот натпревар по одбојка се одржа на 8 октомври 2024 година, на кој учествуваа учениците: Матеј Савов, Марко Солески, Христијан Митковски, Марио Џамбаски, Давор Василков, Никола Арсовски, Зоран Тренчев и Давор Цековски во салата на СОУ „Јане Сандански" Штип.

Општинскиот натпревар по фудбал се одржа на 14октомври 2024 година, на кој учествуваа учениците: Матеј Савов, Славе Наков, Раде Митрев, Димитар Филев,

Давор Василков, Теодор Пејов, Зоран Тренчев, Давор Цековски, Алек Мачев, Костадин Настов, Кире Аџиев, Олек Најдовски и Никола Арсовски во салата на СОУ "Коле Нехтенин" Штип.

Општинскиот натпревар по кошарка се одржа на 21 октомври 2024 година, на кој учествуваа учениците: Матеј Савов, Давор Василков, Зоран Тренчев, Алек Мачев, Никола Арсовски, Алексеј Митревски, Марио Џамбаски, Марко Солески и Мартин Стефанов, во салата на СОУ „Коле Нехтенин" Штип.

Општинскиот натпревар по ракомет се одржа на 4 ноември 2024 година: Матеј Савов, Давор Василков, Зоран Тренчев, Давор Цековски, Никола Арсовски, Алексеј Митревски, Димитар Филев, Славе Наков, Никола Георгиев и Мартин Стефанов, во салата на ООУ „Тошо Арсов" Штип.

**ДИРЕКТОР**

**м-р Горан Кавраков**

____________________________

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
# НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ
# ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ:
Име и презиме: Лилјана Неделковска
Стручна оспособеност: Универзитет „Св. Кирил и Методиј " Филозофски факултет, група педагогија
Време на работно искуство во образовната институција:
Од 10.12.2008 г.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Раководителите на паралелките, наставниците, педагогот и директорот на училиштето посветија особено внимание во однос на одржување на наставните часови, со цел да се намали отсуството на учениците од настава. Имено, раководителите на паралелките бараа од родителите, во случај на отсуство на учениците уште истиот ден да ги информираат. Во спротивно раководителите на паралелките ги контактираа родителите, со цел да ги информираат дека нивното дете е отсутно и со тоа да се изврши проверка дали родителите знаат за тоа. Ваквата двонасочна комуникација помеѓу раководителите на паралелките и родителите допринесе да се намали бројот на изостаноците на учениците, со извесни исклучоци, кај многу мал број на ученици, кои го покачуваа просекот на изостаноци по ученик.

ИНДИКАТОРИ

Број на изостаноци.

Број на слаби оцени.

ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА

е- Дневници на паралелки.

Главни книги.

Покани и записници од водени разговори со ученици и родители

ПОДРАЧЈА НА ДЕЛУВАЊЕ

Работата на училишниот педагог, во првото полугодие во учебната 2024/2025 година се одвиваше во рамките на стандардните подрачја (Работа со учениците, работа со наставниците, соработка со директорот на училиштето, соработка со стручен соработник- библиотекар, соработка со наставниците, раководители на паралелки, преку овозможување на директна помош во реализацијата на воспитно образовната работа во класната заедница, работа во наставничкиот совет, соработка со родителите на учениците, водење на педагошка евиденција и документација, соработката со институциите вон училиштето.

Треба да се напомене, дека во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година, беше нагласена соработката со Училишен психолог.

1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

Во работата на педагогот со учениците беа опфатени следните активности:

- Изготвен распоред за дополнителна и додатна настава за учебната 2024/2025 година, огласен во училиштето и доставен до ДПИ, согласно законскиот рок, најдоцна до 20.9.2023 година;

- Информирани и упатени учениците во четврта година за полагање на Државна матура. Пополнети се пријави од страна на учениците за пријавување за полагање на Државна матура. Сите ученици имаат доставено пријава.

-Од страна на наставниците беа идентификувани учениците со потешкотии во учењето, како и особено талентираните ученици;

-Беше организирана работа во мали групи, односно на учениците им беа овозможени термини за дополнителна настава, по сите наставни предмети, за учениците со потешкотии во учењето.

-Беше организирана работа во мали групи, односно на учениците им беа овозможени термини за додатна настава по сите наставни предмети за особено талентираните ученици.

-Вонредните ученици добиваа постојана поддршка.

## 2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Соработката на училишниот педагог со наставниците се манифестираше во различни форми:

- Водење на професионални досиеја на наставниците;

- Заедничко идентификување на учениците, кои покажуваа тенденција на заостанување во совладувањето на наставните содржини.

- Беше организирана дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети, во однапред утврдени термини(распоред за дополнителна и додатна настава).

- Со раководителите на паралелките, континуирано беа воочувани недоследностите во водењето на педагошката документација и евиденција. Пополнувањето на педагошката документација се одвиваше електронски и во хартиена форма. Беа извршени прегледи на електронскиот дневник од страна на раководителите на паралелките и педагогот.

- Соработката со раководителите на паралелки од прва до четврта година, во средното музичко училиште, како и од прво до деветто одделение, во основното музичко училиште, во однос на решавањето на воспитните и другите проблеми во паралелката, се одвиваа континуирано, во текот на цело полугодие.

- Педагогот и раководителите на паралелки заедно работеа на изготвувањето и реализацијата на програмата за воспитна работа со класната заедница. Раководителите на паралелките направија избор на содржини од програмата Образование за животни вештини, согласно возраста на учениците и истите беа реализирани.

- На наставниците им беше предочено дека до 10.9.2024 година треба да се достават Плановите за професионален и кариерен развој.

## 3. СОРАБОТКА СО ДИРЕКТОРОТ

Соработката со директорот се одвиваше преку :

- Организирање на состаноците на Наставничкиот совет.

- Работа во Училишната матурска комисија.

## 4. СОРАБОТКА СО СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – БИБЛИОТЕКАР

Соработката со библиотекарот, е планирано да се одвива во однос на организирање на презентации за професионална ориентација на учениците, во второто полугодие во учебната 2024/2025 година.

## 5. СОРАБОТКА СО РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА ПАРАЛЕЛКИ И КЛАСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

- Педагогот соработуваше со раководителите на паралелки од прва до четврта година, при реализацијата на програмските теми во програмата за воспитна работа со класната заедница, односно за реализацијата на програмата Образование за животни вештини.
- Соработка со раководителите на паралелките во однос на водењето на педагошката евиденција и документација.
- Поддршка во водените разговори со родителите на учениците.

## 6. РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

- Организирање на состаноците на Наставничкиот совет во текот на учебната година.

- Сите информации на надлежните институции се проследени до наставниците;

- Наставничкиот совет беше информиран за воведувањето на сите новини наметнати од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

## 7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Водени разговори со родили;

- Родителите на учениците во прва година беа запознаени со имплементацијата на Законот за средно образование, кои се однесуваат на нив. На првата родителска средба, секој родител доби информации, поврзани со училиштето, за кои сметавме дека ќе им бидат од корист на родителите и учениците;

- Индивидуални разговори со родителите на ученици беа водени на барање на родителите и на барање од страна на раководителите на паралелките, директорот, наставниците и педагогот.

## 8. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ВОН УЧИЛИШТЕТО

Соработката на педагогот со институциите се одвиваше преку:

- Изготвени и доставени барани податоци и информации до МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МВР- Штип, ДЗС и Локалната самоуправа на општина Штип;

- Комуникацијата со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат се одвиваше во континуитет.

- Посетени обуки, наменети за стручни соработници, во рамки на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието" во организација на ГОПА, под ингеренции на МОН.

## 9. ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Увид во е-дневниците на паралелките;
- Водењето на педагошката евиденција и документација се одвиваше континуирано во соработка со наставниците и раководителите на паралелките.
- Професионалните досиеја на наставниците беа водени во континуитет.

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА: ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, СО РЕШЕНИЕ БР............................ ОД ............................ГОДИНА

Изготвил

____________________

Училишен педагог

Лилјана Неделковска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државно музичко училиште центар
„Сергеј Михајлов" ц.о.
Бр. 11-759/1
34
Штип

31. ## ИЗВЕШТАЈ ДО ДИРЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ЗА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во учебната **2024/2025** година учениците и наставниците од ДМУЦ„Сергеј Михајлов" вкупно се задолжија со **155** библиотечни единици од училишната библиотека.

Со **лектирни изданија** учениците се задолжија со **70** библиотечни единици, потоа со **нотна литература по предметот пијано – 70**, (библиотеката располага со целокупен нотен материјал кој е потребен според предвидената програма), **теорија на музика – 4 (четири)** и **учебници – 1 (една)** библиотечна единица.

Библиотекарот беше присутен на сите наставнички совети, ги реализираше сите активности поврзани со комисијата за прием, доделување и враќање на учебници и сите задачи ги извршуваше навремено. Учениците кои се испишуваат од нашето училиште ги враќаат комплетите учебници и за нив се пополнува формулар бр.3 за враќање на учебници. Библиотекарот пополнуваше формулар за прием (формулар бр.1) и формулар за доделување на учебници (формулар бр.2) кои им се доделуваат на сите ученици на почетокот на учебната година.

Библиотекарот редовно ги известуваше класните раководители и учениците за конкурсот на стипендии, начинот на аплицирање и резултатите. Соработуваше со ОО Црвен Крст, Штип за крводарителската акција која беше спроведена во училиштето. Беше дел од ЕКО акцијата чистење на дворот.

Во ова полугодие имавме промена на раководниот орган помеѓу м-р Горан Кавраков и сегашниот ВД директор Илија Ќосевски. Библиотекарот го запозна новоименуваниот ВД директор Илија Ќосевски со начинот на работа на училишната библиотека и изработи писмен извештај за досегашната работа. Се надевам на искрена соработка со новиот раководен орган која ќе значи збогатување на библиотечниот фонд со лектирни изданија и нотна литература.

Училишната библиотека им излегуваше во пресрет на сите ученици кои изработуваа проектни задачи во помош на истражување материјали, а книгите кои не се во можност да се копираат, учениците имаа можност да ги сликаат потребните страници. Понатаму, библиотекарот електронски им испраќаше нотна литература на учениците за кои во училишната библиотека нема библиотечни единици. Библиотекарот на училиштето во текот на работата успешно соработуваше со наставниот кадар на полето на популаризација на книгата меѓу учениците во однос на известувања за литературни конкурси, промоции на книги во НУБ „Гоце Делчев", Штип. Работеше и на зголемување и одржување на библиотечниот фонд. При издавање на книги на учениците и наставниците ги запазуваше сите протоколи според насоките од МОН, воедно и тесно соработуваше со наставниот кадар информирајќи го за библиотечниот фонд со кој располага училишната библиотека.

БИБЛИОТЕКАР
Александра Михајлова

В.Д. ДИРЕКТОР
Илија Ќосевски

30.12.2024
Штип

## *Полугодишен Извештај за Работата на Училишниот Психолог за Учебната 2024/2025 Година*

ПОДАТОЦИ ЗА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – ПРИПРАВНИК УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ
Име и презиме: Бисера Николова
Завршено образование: „Универзитет Американ Колеџ Скопје“, Скопје, Факултет за политички науки, студиска програма психологија
Работно искуство во образовната институција: 01.01.2024 година – во тек

Стручниот соработник – приправник училишен психолог е под менторска програма за стручна поддршка од страна на Стручниот соработник – ментор училишен психолог Мануела Митревска Ристовска вработена во ДМУЦ „Илија Николовски - Луј“ во периодот од 05.02.2024 до 05.02.2025 година.

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година, улогата на училишниот психолог опфати низа одговорности во неколку клучни подрачја. Овие подрачја вклучуваат: работа со ученици, работа со наставници, работа со родители, соработка со заедницата, професионален развој и професионална соработка, аналитичко-истражувачка работа и училишна структура, организација и клима. Секоја од овие области дополнително се дели на специфични подподрачја, одразувајќи ја разновидната и сеопфатната природа во училишната средина.

1. Работа со ученици (индивидуална, групна и колективна работа)
- Обезбедување помош на учениците во учењето;
- Следење, поттикнување и поддршка на нивниот развој;
- Идентификување на ученици кои се соочуваат со предизвици во учењето.

2. Работа со наставници
- Советување со класните раководители во врска со специфични ученици и настани во паралелката или поединечно;
- Помош и поддршка на наставниците во планирањето, реализирањето и самоевалуацијата во воспитно – образовниот процес;
- Поддршка на наставниците во нивната работа со учениците.

3. Работа со родители
- Одржани индивидуални и групни консултации и советувања со родители;
- Пополнета пропишана документација за индивидуални и групни советувања со родители;
- Вклучување на родителите во активностите и работењето на училиштето.

4. Соработка со институции вон училиштето
- Соработката беше реализирана со УЈП Штип, ОО ЦКРСМ Штип, Гласен Текстилец Штип, СОМА и која се одвиваше според потребите.

5. Професионален развој и професионална соработка во рамките на училиштето
- Ангажирање во континуиран професионален развој преку обуки и работилници, насочени кон унапредување на вештините и постојано ажурирање со нови образовни и психолошки практики;
- Координација на обуките за наставниците и стручните соработници на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието„ во организација на ГОПА
- Поттикнување кон решавање на потребите на учениците и промовирање на поддржувачка образовна клима.

➢ Планирање, програмирање и организирање на воспитно – образовната работа
- Психологот оваа година учествува и ќе учествува со соработка/ во изработка на:
- Програма за работата на психологот;
- Полугодишен Извештај за работата на училишниот психолог;
- Полугодишен Извештај за работата на училиштето;
- Годишен Извештај за работата на училиштето;
- Податоци за Статистички извештаи за учениците од основното и средното музичко училиште за учебната 2024/2025 година за потребите на Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието и Државниот завод за статистика;
- Присуствуво на Наставнички совети и Совет на родители;
- Извештаи за успех и поведение на учениците од основно и средно образование.

➢ Советодавно – консултативна работа
- Индивидуални советувања со ученици за училишни, семејни и приватни предизвици;
- Групни советувања со ученици;
- Индивидуални и групни советувања со родители;
- Нагласување на наставниците и класните раководители за специфичниот адолесцентен период на учениците при индивидуални разговори;
- Советување со наставниците за специфичностите на одредени ученици;

- Советување и мислење на класните раководители при подготовка за водење на класни часови (сензитивни теми).

➢ Соработка со заедницата
- Соработка со стручната служба во училиштето,
- Соработка со надлежни институции ( ДЗС, МОН, БРО, СВР, ЦКРСМ)
- Соработка со специфична институција (КПРМ)

➢ Професионален развој и професионална соработка
- Учество на тековно организирани работилници и обуки кои се реализираа во рамки на Програмата за ментално здравје и психосоцијална поддршка, по што беа одржани 7 (седум) работилници за Унапредување на Менталното Здравје кај Адолесцентите со учениците од сите класови од I до IV година

➢ Аналитичко – истражувачка работа
- Споредување и анализа на податоци на ученици (постигања) со изминати години од претходна Годишен Извештај

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА:  ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, СО РЕШЕНИЕ БР............................ ОД ............................ГОДИНА

Изготвил

______________________

Училишен психолог

Бисера Николова

**Полугодишен извештај за работа во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип, <u>оддел ПИЈАНО</u> од учебната 2024/2025 година**

| | Предмет | Вид на настап | Ученици | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пијано | **Септември-Настап на концерт во Кочани-Дом на култура** | Пијано дуо-Златица Лазарова-Јулијана Јанев;Алек Мачев-Зоран Тренчев | М-р Бисера И.Горгиева, проф.Петар Трбојевиќ |
| 2 | Пијано | **Септември-Настап на наградени ученици на Мег.натпревар Golden Piano Talents** | Дарија Кавракова,Андреј Шаламанов,Михаела Горгиева,Матеја Николова,Јулијана Јанев-Златица Лазарова | Марија Максимова,Милена Маноилева,Ивана К.Калофова,Бисера И.Георгиева |
| 3 | Пијано | **Октомври- гост на концерт на дуо Даме Камчев-саксофон и Тоше Поп Лазаров-пијано** | Златица Лазарова | Проф.Благој Јанев |
| 4 | Пијано | **Декември- Концерт на учениците од одделот по пијано-Тематска вечер Етида** | Ученици од одделот по пијано/средно музичко образование | |
| 5 | Пијано | **Декември-Новогодишен концерт на одделот по пијано** | Ученици од одделот по пијано/средно музичко образование | |
| 6 | Пијано | **Декември-Новогодишен базар на едносмерна улица Штип,во орг.на Општина Штип** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Пијано | **Декември-Концерт на учениците од инструменталниот оддел** | Ученици од одделот по пијано/средно музичко образование | Проф.Благој Јанев |
| 8 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | м-р Анита Љуботенска,м-р Славја Х.Тутункова,м-р Ивана К.Калофова |
| 9 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно | М-р Елена Ефремова,Проф.Деспина Трајков, проф.Бобан Јанев,проф.Сашко Петрев |
| 10 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно муз. образование | Проф.Фросина Цини,проф.Милена Маноилова |
| 11 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од /основно муз. училиште | проф.Глорија Павлова |
| 12 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | Проф.Јасмина Б.Стојанова, проф.Марија Стојанова |
| 13 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | М-р Марија Максимова |
| 14 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | М-р Славчо Величков |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | Проф.Петар Трбојевиќ,проф .Тања Коцева |
| 16 | Пијано | **Декември-Јавен час** | Ученици од одделот по пијано/средно/основно музичко образование | М-р Сашка Данева |
| 17 | Пијано | **Новогодишен концерт на ДМУЦ,,Сергеј Михајлов" Дом на култура-Штип** | | ДУО-М-р Елена Ефремова,проф.Петар Трбојевиќ |

**Преглед на реализирани натпревари во прво полугодие во учебната 2024/2025г. оддел по Пијано**

Изработил: Координатор на оддел пијано

| | Натпревар | Ученик | Ментор | Награда |
|---|---|---|---|---|
| 1 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY Скопје | **Ана Коцева** | Проф.Фросина Цини | I награда |
| 2 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Хана Стаменков** | Проф.Фросина Цини | I награда |
| | | | | |
| 3 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Дарија Кавракова** | м-р Марија Максимова | I награда |
| 4 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Марко Кикиритков** | м-р Марија Максимова | I награда |
| 5 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Делфина Џонова** | м-р Марија Максимова | I награда |
| 6 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Крум Аџи-Андов** | м-р Марија Максимова | I награда |
| 7 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Пијано дуо-Дарија Кавракова-Софија Патриклиска** | м-р Марија Максимова-м-р Сашка Данева | Специјална I награда |
| 8 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Анастасиа Рисафов** | Проф.Глорија Павлова | II награда |
| 9 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Дамјан Фенев** | Проф.Глорија Павлова | I награда |
| 10 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Луција Трајчов** | Проф.Милена Маноилова | I награда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | I Меѓународен натпревар PIANO KEY-Скопје | **Максим Димитров** | Тања Коцева | I награда |

Благој Јанев

ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов“ - Штип

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛОТ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА



**ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА**

---

# ВОВЕД

Полугодишен извештај за работата на жичениот оддел при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип ,изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите за жичени инструменти, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставна и вонннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

# I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите за жичени инструменти во ДМУЦ "Сергеј Михајлов" - Штип се реализира преку индивидуална настава, за која се потребни поголем број на кабинети. Со доградба на кабинети на кровот кои беа пуштени во употреба во учебната 2010/11година, во голем дел го решија проблемот од просторен недостаток, а наставата се реализираше во современи услови, кои придонесоа за постигнување на поголем успех на учениците.

# II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## А. НАСТАВА

Наставата по предметите за жичени инструменти во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профила: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р.С. Македонија. Предметите за жичени инструменти при ДМУЦ "Сергеј Михајлов" - Штип ги изучуваат и учениците од Основното музичко училиште според наставните планови и програми донесени од МОН на Р. С. Македонија

Наставата предвидена за учебната 2024/2025 год. за прво полугодие во целост беше реализирана, предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по жичени инструменти (виолина,виола,виолончело,гитара

контрабас,)успешно ја реализираа 9 натавника со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар, од кои 8 се во редовен работен однос – неопределено работно време, 1 наставник со определено работно време .

Во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Советот на родителите, Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, координаторите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

# ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на првополугодие се одржуваат преслушувања, на кои учениците јавно настапуваат пред наставниците. На овие преслушувања се формираат комисии во кои учествуваат наставници и јавно за секој ученик се дава мислење за неговиот напредок и развој во изучувањето на било кој од инструментите од одделот. Конечната оцена освен од јавните прслушувања, ученикот ја добива преку своите јавни настапи кои се одржуваат преку целата учебна година и годишниот испит кој се одржува на крајот од учебнтата година.

На крајот на првото полугодие скоро сите наставници од одделот за жичени инструменти со своите ученици одржаа јавни часови и концерти со кои јавно ги прикажаа постигнувањата на учениците во изучувањето на инструментите од овој оддел.

# Табеларен приказ од критериумите за оценување на одделот за жичени инструменти

## ОДДЕЛ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ

### ВРЕДНУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ЈАВНО ИЗВЕДЕНИТЕ КОМПОЗИЦИИ

| СПОСОБНОСТИ | |
|---|---|
| 1.КОРЕКТНО ПРОЧИТАН ТЕКСТ | 15 БОДОВИ |
| 2.ИНТЕРПРЕТАЦИЈА | 15 БОДОВИ |
| 3.ЧУВСТВО ЗА СТИЛ | 20 БОДОВИ |
| 4.ТЕХНИЧКА ЗАДАЧА И МОТОРИКА | 25 БОДОВИ |
| 5.РИТАМ ,ФРАЗА,ТОН И ДИНАМИКА | 25 БОДОВИ |
| ВКУПНО: | 100 БОДОВИ |

| БОДОВИ | ОЦЕНА |
|---|---|
| 95-100 | 5 |
| 85-94 | 4 |
| 75-84 | 3 |
| 50-74 | 2 |

# ЈАВНИ НАСТАПИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛОТ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во текот на Прво Полугодие во учебната 2024/2025 година одделот за жичени инструменти организираше и учествиваше на јавни часови, концерти, свечени манифестации, новогодишен концерт на училиштето а ги издвојуваме најзначајните:

## ПРОФ. М-Р МАРИЈА ИЛИЕВА (ПРОФЕСОР ПО ВИОЛИНА)

**Настапи и концерти:**

**-Учество на Новогодишен базар организиран од Општина Штип** (-проф.м-р Марија Илиева,Матеа Димова III год,Антонела Лазова I год,Александра Анчовска IV год.-Декември 2024

**-Јавен час** 6.12.2024

**-Учество на Новогодишен концерт на училиштето**(проф.м-р Марија Илиева,Ученици :Матеа Димова III год,Антонела Лазова I год,Александра Анчовска)25,26.12.2024 год.

**Пијано соработка:**
**Проф.Симеон Иванов и м-р Тоше Поп Лазаров**

## ПРОФ.АНГЕЛА АРЕВСКА (ПРОФ.ПО ВИОЛИНА)

**Настапи и концерти:**

-**Јавен час** 19.12.2024 год.

-**Настап во библиотека** (Леонтина Савевска)промоција на книга -Месец Октомври 2024 год.

-**Учество во Биг Бенд** на Училиштето на Концерт во НУЦК "Бели Мугри"-Кочани (Ученик Леонтина Савевска) 28.10.2024 год.

-**Учество на Новогодишен Концерт** на Училиштето (Ученици Каја Аревска, Лина Костадинова,Леонтина Савевска)-25,26.12.2024 год.

-**Презентација на инструментот виолина** на час по музичко во ООУ "Ванчо Прќе"-Штип (Ученик Каја Аревска) 07.10.2024 год.

-**Свечено доделување на стипендија** од Општина Штип за ученичката Каја Аревска 25.12.2024

**Пијано соработка:**

**м-р Благојче Ристов**

## ПРОФ.ДРАГАН ЈАНЕВ (ПРОФ.ПО ГИТАРА)

**Настапи и концерти:**

-**Настап во библиотека** (ученик Марио Џамбаски)промоција на книга -Месец Октомври 2024 год.

**Учество на Концерт Новогодишен базар организиран од Општина Штип(**Марио Џамбаски,Александра Цветанова) Декември 2024 год.

-**Настап на Концерт** во НУЦК "Бели Мугри"-Кочани.(Ученик Марио Џамбаски)-Септември 2024

**НИКОЛЧО ЈАНКОВ (ПРОФ.ПО ВИОЛИНА)**

**Настапи и концерти:**

-**Јавен час** 19.12.2024 год.

-**Учество на Новогодишен Концерт** на Училиштето-25,26.12.2024 год.

**Пијано соработка:**
**Проф.м-р Благојче Ристов**

**ПРОФ.СТОЈАНЧЕ НАУМОВСКИ (ПРОФ.ПО ВИОЛОНЧЕЛО )**

**Настапи и концерти:**

-**Јавен час** 15.12.2024 год.

-**Учество на Новогодишен Концерт** на Училиштето (проф.Стојанче Наумовски,Ученици Матеј Димитров,Стефан Димитров)-25,26.12.2024 год.

-**Свечено доделување на стипендија** од Општина Штип за ученикот Стефан Димитров - 25.12.2024

-**Учество во Биг Бенд** на Училиштето на Концерт во НУЦК "Бели Мугри"-Кочани 28.10.2024 год.

**Пијано соработник:**
**Проф.м-р Благојче Ристов**

**ПРОФ.М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ (ПРОФ.ПО ГИТАРА)**

**Настапи и концерти:**

-**Настап во библиотека** (Марко Бранковски Николов)промоција на книга -Месец Септември 2024 год.

-**Учество во Биг Бенд** на Училиштето на Концерт во НУЦК "Бели Мугри"-Кочани (Ученик Марко Бранковски Николов) 28.10.2024 год.

-**Учество на Новогодишен Концерт** на Училиштето (Ученици Марко Бранковски Николов,Александра Цветанова)-25,26.12.2024 год.

-**Учество на Концерт " Новогодишен базар" организиран од Општина Штип** (Марко Бранковски Николов,Александра Цветанова) Декември 2024 год.

-**Свечено доделување на стипендија** од Општина Штип за учениците Марко Бранковски Николов,Марко Гулиќ -25.12.2024

-Јавен час 19.12.2024 год.

**ПРОФ.ЗЛАТКО ПАНОВ (ПРОФ.ПО ВИОЛА)**

**-Учество на Новогодишен Концерт** на Училиштето (проф.Златко Панов)-25,26.12.2024 год.

## ПРОФ. АНГЕЛИНА ПАВЛОВА (ПРОФЕСОР ПО ВИОЛИНА)

**Настапи и концерти:**

**-Настап во библиотека** (ученици Матеа Димова,Ива Салтирова)промоција на книга -Месец Декември 2024 год

**-Учество на Новогодишен базар организиран од Општина Штип** (-Матеа Димова III год.,проф.Ангелина Павлова, Ива Салтирова III год).-Декември 2024

**-Јавен час** 11.12.2024

**-Учество на Новогодишен концерт на ДМУЦ Сергеј Михајлов**(проф.Ангелина Павлова)25,26.12.2024 год.

**Пијано соработка:**
**Проф.Симеон Иванов и м-р Тоше Поп Лазаров**

# ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛОТ ЗА ЖИЧЕНИ ИНСТРУМЕНТИ ГО ИЗГОТВИ КООРДИНАТОРОТ НА ОДДЕЛОТ

ШТИП ЈАНУАРИ 2025

Координатор на одделот

м-р Дејан Лазаревски

ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов“ - Штип

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА Дувачкиот оддел

од прво полугодие во учебната 2024/2025 година

Од 2.09 до 31.12. 2024 год.

Декември 2024

## ВОВЕД

Извештајот за работата на дувачкиот оддел при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип е изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите од индивидуална настава, организацијата и начинот на остварување на воспитно - образовната работа во училиштето, облиците на наставна и вонннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

## I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите во дувачкиот оддел, од индивидуална настава во ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип се реализираше со физичко присуство и започна на 2.09.Септември 2024 година и траеше до 31.12.2024 година,во основното и средното училиште . Наставата се изведуваше според наставните планови и програми донесени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование на Р.С.Македонија.

## II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### А. НАСТАВА

Наставата по предметите во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профили: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р. Македонија.

Наставата предвидена за учебната 2024/2025 год. во целост беше реализирана според програмите по предметите во дувачкиот оддел предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по предметите во дувачкиот оддел успешно ја реализираа наставниците со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар.

Во текот на учебната 2024/2025 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, раководителите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/25 год. се реализираа следниве приоритетни задачи :

1. Постигање на трајни знаења и нивна примена;

2. Учество на повеќе јавни настапи,музички работилници и новогодишни концерти.

3. Преслушување(колоквиум) на учениците по инструменти од дувчкиот оддел.

4. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците;

5. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците и учениците;

Првата приоритетна задача се реализираше континуирано во текот на првото полугодие во учебната 2024/25 со употреба на разни техники и методи, стимулативна средина за учење, фокусирање на реализација на целите од наставниот предмет со вклучување активности, ИКТ во наставата и други современи технички помагала за реализација на целите, како и реализација на ЕКО стандардите за време на наставните часови.

Втората приоритетна задача исто така е во план да се реализира - големо учество на јавни настапи (концерти и јавни часови во училишната сала но и на различни гостувања во други установи и сл.) .

Третата задача е преслушување на учениците по инструменти од дувачкиот оддел во месец ноември.

Постигање на трајни знаења и нивна примена

Поголема комуникација помеѓу наставниците е остварена преку работа на заеднички проекти, еко-проекти, изготвување наставни помагала, консултации , подготовка на материјали за работа и др.

Комуникацијата и почитувањето помеѓу наставниците и учениците е остварена преку учење од далечина и поттикнување интерес кај учениците за совладување на целите од наставниот предмет, применување современи средства и помагала, проучувањето и учењето се прилагодува на ситуацијата и контексот, разговори за нивната идна професија и сл.

**Во текот на првото полугодие од учебната 2024/25 учениците и наставниците од Дувачкиот оддел учествуваа на поголем број на настапи:**

- Учество на повеќе јавни настапи и Новогодишни концерти на наставниците и нивните ученици од дувачкиот оддел по сите застапени инструменти во Училишната сала. –месец и декември.
- **Музичка работилница “Вања Лазарова “во Кратово на наставниците и учениците по народни инструменти –месец ноември.**

- **Концерт со “Биг бенд” оркестарот на училиштето составен од наставниците и учениците-месец октомври.**

- **Три Новогодишни концерти на оркестарот и хорот од средното и основното музичко училиште во -** Дом на култура Ацо Шопов“ – Штип.

Диригент на хорот и оркестарот на СМУ: Тоше Митрев
Диригент на хорот на ОМУ: Ленче Богдановска Атанасова Диригент на оркестарот на ОМУ: Славица Деспотова

**<u>Учество на учениците:</u>**

- Концерти на фолклорни ансамбли,камерна музика и индивидуални јавни настапи по класи.

- Учениците сами и со помош од наставниците од дувачкиот оддел изготвуваа нагледни средства.

Изготвил:

Координатор на Дувачкиот оддел

м-р.Виолета Арсовска

# *П О Л У Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА ТЕОРЕТСКИОТ ОДДЕЛ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА*

ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

Полугодиниот извештај за работата на теоретскиот оддел во учебната 2024/25 при ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип е изработен според Законот за основно образование и средно образование, Статутот на училиштето, годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално - техничките услови за работа во училиштето по предметите, организацијата и начинот на остварување на воспитно - образовната работа во училиштето, облиците на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

## I ОПШТИ МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Наставата по предметите во ДМУЦ ,,Сергеј Михајлов,, - Штип се реализира преку групна настава во поголем број кабинети. Наставата се реализираше во современи услови, кои придонесоа за постигнување на поголем успех на учениците.

## II ВОСПИТНА ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### А. НАСТАВА

Наставата по предметите во училиштето се одвиваше според наставниот план за СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА во двата профили: **Музичар изведувач и Музичар теоретичар** и според наставниот план за уметнички училишта на Р.С. Македонија.

Наставата предвидена за учебната 2024/2025 год. започна на 2 Септември 2024год. со физичко присуство во целост беше реализирана до 31 Декември 2024год. за средното образование, и за основното образование во теоретскиот

оддел предвидена со наставен план, според изготвените годишни глобални планови, тематските планови и подготовки за самите наставни единици.

Наставата по предметите во теоретскиот оддел успешно ја реализираа наставниците со соодветно образовние, според НОРМАТИВОТ за наставен кадар.

Во текот на учебната 2024/2025 година, придонесот во воспитно образовната работа беше на потребно ниво преку ангажирање на Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Директорот, класните раководители, координаторите на оддели и сите други вработени во доменот на своето работно место и своите работни задачи.

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/25 год. се реализираа следниве приоритетни задачи :

1. Постигање на трајни знаења и нивна примена;
2. Учество на повеќе јавни настапи, Државни и меѓународни натпревари;
3. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците;
4. Поголема комуникација и почитување помеѓу наставниците и учениците;

Првата приоритетна задача се реализираше континуирано во текот на првото полугодие во учебната 2024/25 со употреба на разни техники и методи, стимулативна средина за учење, фокусирање на реализација на целите од наставниот предмет со вклучување активности, ИКТ во наставата и други современи технички помагала за реализација на целите, како и реализација на ЕКО стандардите за време на наставните часови.

Втората приоритетна задача исто така е во план да се реализира - учество меѓународни, државни, регионални и општински натпревари, како и големо учество на јавни настапи (концерти и јавни часови) .

Поголема комуникација помеѓу наставниците е остварена преку работа на заеднички проекти, еко-проекти, изготвување наставни помагала, консултации , подготовка на материјали за работа и др.

Комуникацијата и почитувањето помеѓу наставниците и учениците е остварена преку учење од далечина и поттикнување интерес кај учениците за совладување на целите од наставниот предмет, применување современи средства и помагала, проучувањето и учењето се прилагодува на ситуацијата и контексот, разговори за нивната идна професија и сл.

**Во текот на првото полугодие во учебната 2024/25 година хорот и оркестарот од средното и основното училиште учествуваше**

- **Три Новогодишни концерти** на оркестарот и хорот од средното и основното музичко училиште во - Дом на култура Ацо Шопов" - Штип

Диригент на хорот и оркестарот на СМУ: Тоше Митрев

Диригент на хорот на ОМУ: Ленче Богдановска Атанасова Диригент на оркестарот на ОМУ: Славица Деспотова

**Учество на учениците:**

- Концерти на фолклорни ансамбли;
- Учениците сами и со помош од наставниците од теоретскиот оддел изготвуваа нагледни средства.

**Координатор на теоретскиот оддел: Проф. Живко Димов**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ
# ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во првото полугодие, во учебната 2024/2025 година, Советот на родители работеше во следниот состав:

1/1 – АНДРИЈАНА ФИЛИПОВА

1/2 – ФЕРДИ АЛИМ

2/1 – ЛАЗАР КСТАДИНОВ

2/2 – БИЛЈАНА ВАСИЛЕВА

3/1- ТРАЈАНЧЕ ЈАНЕВ

3/2 – НАТАША ДУРТАНОСКА

4/1 – ТАЊА ПАНОВА

4/2 – АЛЕКСАНДРА РИСТЕВСКА

Во текот на првото полугодие, во периодот од 2.9.2024 до 31.12.2024 година, Советот на родители одржа останоци со следниот дневен ред:

Состанок на Совет на родители одржан на ден 3.10.2024 година, со следниот дневен ред:

1. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ;
2. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ;
3. КООПТИРАЊЕ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ;
4. ИНФОРМАЦИИ ЗА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ;
5. УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ;
6. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

Состанок на Совет на родители одржан на ден 7.11.2024 година, со следниот дневен ред:

1. УПИСИ НА УЧЕНИЦИ;
2. ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИ;
3. УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ;
4. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

Состанок на Совет на родители одржан на ден 27.12.2024 година, со следниот дневен ред:

1. УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕРЕАЛИЗИРАНА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ЧЕТВРТА ГОДИНА, ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА;
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

Претседател на совет на родители

----------------------------------------

Адријана Филипова

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СОСТАНОЦИ НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ ВО ТЕКОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 11.9.2024(СРЕДА)

СО ПОЧЕТОК ВО 10:15 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. БАРАЊА ОД УЧЕНИЦИ;
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 15.10.2024(Вторник)

СО ПОЧЕТОК ВО 17:00 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. МИСЛЕЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА;
2. МИСЛЕЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПЕРИОД 2022/2024 ЗА УЧЕБНИТЕ 2022/2023 И 2023/2024 ГОДИНА;
3. КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО;
4. ИНФОРМАЦИИ ЗА НОВОГОДИШНИОТ КОНЦЕРТ;
5. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 21.10.2024(Понеделник)

СО ПОЧЕТОК ВО 16:00 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИ;
2. УПИСИ НА УЧЕНИЦИ;
3. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 05.11.2024(Вторник)

СО ПОЧЕТОК ВО 17:00 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ,ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА;
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 11.11.2024(Понеделник)

СО ПОЧЕТОК ВО 13:35 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. НАСОКИ ОД МИНИСТРЕСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА;(ОСТАВКА НА ДИРЕКТОРОТ М-Р ГОРАН КАВРАКОВ)
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 14.11.2024(Четврток)

СО ПОЧЕТОК ВО 13:35 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОМЕНА НА РАКОВОДЕН ОРГАН;
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 11.12.2024(Среда)

СО ПОЧЕТОК ВО 13:35 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПИСНИК ОД ПРЕТХОДНИОТ СОСТАНОК НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ;
2. ЗАБРАНА НА ПУШЕЊЕТО ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР;

3. ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИ МЕРКИ;
4. ИНФОРМАЦИИ ЗА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ;
5. ИНФОРМАЦИИ ЗА НОВОГОДИШНИОТ КОНЦЕРТ;
6. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

ОДРЖАН НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 30.12.2024(Понеделник)

СО ПОЧЕТОК ВО 13:00 ЧАСОТ

ДНЕВЕН РЕД:

1. УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ,ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА;
2. ТЕКОВНИ ПРАШАЊА.

Записниците ги водеше Биљана Биљарска.

*Државен музички училишен центар*

*"Сергеј Михајлов"-Штип*

# *ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## *За работата на Училишет одбор за учебната 2024/2025 година*

Претседател на Училишен одбор:
Билјана Кошча

Штип, ЈАНУАРИ 2025 година

# ***Полугодишен извештај за работата на Училишниот одбор за учебната 2024/2025 година***

Училишниот одбор во периодот од 1.9.2024 година до 31.12.2024 година односно во првото полугодие во учебната 2024/2025 година работеше во следниот состав:

***Претставници од наставници:***
*-Благој Јанев*
*-Ангела Аревска*
*-Биљана Биљарска до 15.10.2024 година*
*-Елена Мирасчиева од 16.10.2024*
*-Билјана Кошча*

***Претставници од родители***
*-Наташа Дуртаноска*
*-Трајанче Јанев*
*-Тања Панова*

Претставници од основачот-Влада на РСМ
-Трајче Димов од 5.2.2024 година до 24.9.2024 година
-Стојка Илиева Аџиева до 24.9.2024 година
-Димче Костадинов до 24.9.2024 огодина
-Загорка Чапова од 25.9.2024 година
-Славица Донева од 25.9.2024 година
-Лидија Михајлова Стојанова од 25.9.2024 година

Претставник од МОН на РСМ
-Игор Богдановски до 26.8.2024 година
-Стојан Парчеклиев од 27.8.2024 година

Претставник од Стопанска комора на РСМ
*-Виолета Пеева*

Претседател на Училишниот одбор беше Билјана Кошча а потпретседател Елена Мирасчиева.

Записниците од седниците на училишниот одбор ги водеше секретарот на училиштето, Ружица Зафирова и во нејзино отсуство, Биљана Биљарска и Ангела Аревска.

Училишниот одбор во текот на периодот одржа 8 седници на кои беа донесени одлуки, предлози, заклучоци, значајни за функционирањето на училишниот центар, констатиран е престанок и верификувани се мандати на членови на Училишен одбор, изготвена е самоевалуација на училиштето, донесени се одлуки од областа на финансиите и јавните набавки односно донесени се одлуки за усвоен Финансов план за 2025 година и План за јавни набавки за 2025 година. Усвоен е Годишниот извештај за работа на училишниот центар за учебната 2023/2024 година, доставени се предлози за вработувања по објавени огласи за наставници и стручни соработници.

Во продолжение се дадени одржаните седници на Училишниот одбор со усвоен дневен ред и донесени одлуки, заклучоци, предлози.

***дница на Училишет одбор од 4.9.2024 година во 18:00 часот (Записник бр.7/2024)***

**ПРОШИРЕН ДНЕВЕН РЕД :**

1. Констатирање на престанок на мандат и верификување на мандат на нов на член на Училишен одбор како претставник на Министерство за образование и наука, по Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор број 08-8203/1 од 26.8.2024 година.

2.Предлог од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни соработници по објавен оглас за вработување.

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

*ЭДЛУКИ:*

О Д Л У К А за престанок на мандат и верификување на мандатот на нов член на Училишен одбор-іретставник на Министерството за образование и наука на РСМ,

ПРЕДЛОГ од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни ;оработници по објавен оглас на 30.8.2024 година за засновање на работен однос на определено ;реме

***дница на Училишет одбор од 16.10.2024 година во 18:00 часот (Записник бр.8/2024)***

**ДОПОЛНЕТ ДНЕВЕН РЕД :**

1.Констатирање на престанок на мандат и верификување на нови членови на Училишен )дбор, претставници на Влада на РСМ, по Решение за разрешување и именување број 14-9105/1 одина од 24.9.2024 година.

2.Констатирање на престанок на мандат и верификување на мандат на членови на Училишен )дбор, претставници од наставниците избрани на седница на Наставнички совет.

3.Избор на претседател и заменик претседател на Училишен одбор.

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

) Д Л У К А за констатирање на престанок на мандат и верификување на мандатот на нови членови на илишен одбор-претставници на основачот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов", ип

) Д Л У К А за констатирање на престанок на мандат и верификување на мандатот на нови членови на Учи бор-претставници на наставниците при Државниот музички училишен центар „Сереј Михајлов", Штип

) Д Л У К А за избор претседател (Билјана Кошча) и на заменик претседател (Елена Мирасчиева), на илишен одбор на ДМУЦ „Сергеј Михајлов",Штип

***дница на Училишет одбор од 16.10.2024 година во 18:30 часот (Записник бр.9/2024)***

**ДНЕВЕН РЕД :**

1.Самоевалуација на ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип.

2.Годишен извештај за работа на ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип, за учебната 2023/2024 одина.

3.Извештаи за прилив и одлив на средства од сметката на сопствени приходи.

4.Разгледувања на барање од вработен.

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

)ДЛУКА за усвојување на Самоевалуацијата на работата на ДМУЦ „Сергеј Михајлов"-Штип за у
22/2023 и 2023/2024година

)ДЛУКА за усвојување на Извештајот на работата на ДМУЦ „Сергеј Михајлов"-Штип за учебната 2(
,ина

)ДЛУКА за усвојување на Извештаите за прилив и одлив на средства од сметката на сопствени прихо,
УЦ „Сергеј Михајлов", Штип

***дница на Училишет одбор од 7.11.2024 година во 16:20 часот (Записник бр.10/2024)***

**ДОПОЛНЕТ ДНЕВЕН РЕД :**

1.Одлука за формирање комисија за спроведување на постапка за изведување на екскурзиите н: училиштето

2.Одлука за партиципација од родителите на учениците од основно музичко образование во ДМУЦ „Срегеј Михајлов", Штип

3.Предлог од Наставнички совет за определување на висина на надоместок за упис на вонреден ученик за една година на образование и за полагање на вонреден испит во ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип.

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

)длука за формирање комисија за спроведување на постапка за изведување на екскурзиите на училиш

)длука за партиципација од родителите на учениците од основно музичко образование во ДМУЦ „Срег
хајлов", Штип

)длука за определување на висина на надоместок за упис на вонреден ученик за една година на обра:
а полагање на вонреден испит во ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип.

)длука за ставање во прекин/мирување на одредено време уписот на вонредни ученици

***дница на Училишет одбор од 14.11.2024 година во 14:30 часот (Записник бр.11/2024)***

**ДНЕВЕН РЕД :**

1.Констатирање на престанок на мандат на директор.
2.Верификување на мандат на ВД директор.
3.Одлука за комисија за примопредавање на должност
4.Одлука за исплата на трошоци за спроведување на постапка за именување на директор

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

ОДЛУКА за констатирање на престанок на мандат на должноста директор на м-р Горан Каврак
ификува мандат на Илија Ќосевски за ВД директор на ДМУЦ „Сергеј Михајлов"-Штип..
ОДЛУКА за формирање комисија за примопредавање на должност
*ОДЛУКА* за исплата на финансиски средства од сопствената сметка за спроведување на пост
нтрален регистар на РСМ.

***дница на Училишет одбор од 2.12.2024 година во 13:00 часот (Записник бр.12/2024)***

**ДНЕВЕН РЕД :**

1. Предлог од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни соработници по објавен оглас за вработување.
2.Одлука за избор на најповолна понуда за училишни екскурзии во учебната 2024/2025 година.
3.Исплата на трошоци од сопствена сметка
4.Усвојување на Кодекс на облекување во училиштето.
5.Записник од вонреден инспекциски надзор.
6.Упис на вонредни ученици

***Донесени Предлози, Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

*.ПРЕДЛОЗИ*

*.1.*Предлог од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни соработници по објавен оглас за вработување од 27.11.2024 година

.ОДЛУКИ

.1.ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за училишни екскурзии во учебната 2024/2025 година, тоа за прв дел ДОО „ФЕРИЈАЛ КАШИКОВ", Штип, за втор дел ДОО „ЦРВО ЕКСПРЕС", Штип и за трет дел ДОО „ФЕРИЈАЛ КАШИКОВ", Штип

.2.*ОДЛУКА* за исплата на финансиски средства од сопствената сметка за трошоци на училиштето платени од физичко лице,

.3.*ОДЛУКА* за исплата на финансиски средства од сопствената сметка за трошоци на училиштето платени од физичко лице,

.4.*ОДЛУКА* за усвојување на Кодекс на облекување во училиштето.

.5.*ОДЛУКА* за измена на одлуката за мирување на уписот на вонредните ученици (прекин на мирување)

.ЗАКЛУЧОЦИ:

*.1.Заклучок:*Согласно записникот од инсекцискиот надзор број, констатирано е дека наводите за неправилности во работењето во училиштето се неосновани односно работењето во училиштето по основите дадени во претставката е согласно законот.

***дница на Училишет одбор од 10.12.2024 година во 17:00 часот (Записник бр.13/2024)***

**ДНЕВЕН РЕД :**

*Усвојување на записник од седница на Училишен одбор од 2.12.2024 година*

**ДНЕВЕН РЕД :**

1.Предлог од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни соработници по објавен оглас за вработување на 3.12.2024 година.

2.Одлука за набавка на ученички униформи

***несени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

*Донесени Одлуки, предлози и заклучоци:*

1.Предлог од Училишен одбор до директорот на училиштето за избор на наставници и стручни соработници по објавен оглас за вработување од 3.12.2024 година

2.ОДЛУКА за набавка на ученички униформи

***дница на Училишет одбор од 30.12.2024 година во 15:00 часот (Записник бр.14/2024)***

**ДНЕВЕН РЕД :**

1.Одлука за попис на средства, обврски, побарувања со состојба 31.12.2024 година

2.Одлука за благајнички максимум.

3.Одлука за донесување на финансов план за 2025 година на сметката од самофинансирачки приходи, сметката од буџетски приход, донаторска сметка и сметката за кирии и закупнини.

4.Одлука за донесување на план за јавни набавки за 2025 година

5.Одлука за исплата на трошоци за Новогодишен концерт од сопствена сметка

6.Одлука за измена на членови на комисија за реализирање на екскурзија за учениците во учебната 2024/2025 година

***Донесени Одлуки и заклучоци и усвоени/неусвоени предлози:***

***I.ОДЛУКИ:***

1.Одлука за попис на средства, обврски, побарувања со состојба 31.12.2024 година

2.Одлука за благајнички максимум.

3.Одлука за донесување на финансов план за 2025 година на сметката од самофинансирачки приходи, сметката од буџетски приход, донаторска сметка и сметката за кирии и закупнини.

4.Одлука за донесување на план за јавни набавки за 2025 година

*5.Одлука* за одобрување на исплата на финансиски средства од сметката за сопствени приходи (1600107013 787 15), за трошоци направени во врска со Новогодишен концерт 2024 година во вкупен износ од 60.787 денари.

*6.Одлука за* измена на составот на стручниот тим за подготовка на програмата и за подготовките и изведувањето на училишните екскурзии за учебната 2024/2025 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Училишен одбор
при ДМУЦ „Сергеј Михајлов“
Билјана Кошча

________________________

***Извештај за работата на еко- одборот во текот на учебната 2024/2025 година***

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ЕКО АКТИВНОСТИ**

Во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година реализиравме една еко акција на 25.9. 2024 година, во кој успеавме да го исчистиме училишниот двор и просториите во училиштето. Нашето училиште ќе продолжи да се залага за почиста и поздрава средина и ќе учествува во настани и активности кои ја подигаат свеста на граѓаните.

| | **Еко-стандард/Тема** | **Точка на акција** | **Време на реализација** | **Постигнати резултати/индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Енергија** | 1. Замена на светилки со енергетско штедливи светилки.<br>2. Редовно чистење на прозорците (еднаш неделно) за максимално искористување на сончевата енергија.<br>3. Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија | Август 2024 - Март 2025 | • Редовна замена на електричните светилки со неонски штедливи светилки<br>• Според распоредот, прозорците се чистат два пати во месецот од страна на техничкиот персонал.<br>• Истакнати упатства за рационално користење на електричната енергија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **Вода** | 1.Замена и санирање на сите нефункционални чешми во зградата<br><br>2.Замена на старите тоалетни казанчиња, со нови штедлив и казанчиња<br><br>3.Истакнување на упатства за рационално користење на водата | Септември 2024 - Март 2025 | 1. Заменети се чешмите во тоалетите на влезот од училишната зграда.<br><br>2. Заменети се старите тоалетни казанчиња со нови штедливи казанчиња.<br><br>3. Истакнати се упатства за рационално користење на водата |
| 3. | **Уреден и еколошки двор** | 1.Отстранување на непотребни и нефункционални предмети од дворот<br><br>2.Оградување на дворот со жива ограда<br><br>3. Поплочување на дворната површина<br><br>4. Чистење на отпадот околучилишната зграда | Август 2024, Март 2025 | Исчистен е училишниот двор. |
| 4. | **Внатрешна средина** | 1.Отстранување на непотребните предмети во зградата (скршени клупи, саксии,<br><br>2.Чистење на ходниците, (по секоја смена ) канцеларии, училници, | Септември 2024 – Март 2025 | 1. Отстранети се непотребни предмети во зградата<br><br>2. Ходниците се чистат по секоја смена, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | санитарни јазли и сл.<br><br>3. Разубавување на ходниците, канцелариите и кабинетите со цвеќиња | | како и на големиот одмор од двете смени. Во санитарните јазли постои распоред за чистење на истите. |

Изготви: Еко координатор Петар Трбојевиќ

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ДИРЕКТОР, НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Училиштето има формирано тим за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Составен од наставници и стручен соработник, Дел. бр. 03-146/2 од 3.2.2015.

Директорот на училиштето м-р Горан Кавраков има посетувано обука за стекнување на професионални компетенции во текот на обуката за стекнување со уверение за положен испит за директор, согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење – Консолидиран текст („Службен весник на РМакедонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018). Испитот за директор се спроведува заради проверка на стручната оспособеност на кандидатите, за раководење, примена на законските прописи и организарање на работата во училиштата, соглесно член 2 став 2 од гореспоменатиот закон. Директорот на училиштето ги има посетено шестте предвидени модули согласно Програмата и ги има презентирано семинарските трудови. Воедно има положено психолошки тест и тест за интегритет за директор.

Директорот на училиштето м-р Горан Кавраков се има стекнато со важечко уверение за положен испит за директор.

Директорот на училиштето м-р Горан Кавраков има поднесено Барање за следење на напредна обука и во очекување е формирање на група од страна на Државен испитен центар.

В.Д. Директорот на училиштето Илија Ќосевски, во моментот ги следи обуките за полагање на директорски испит.

Дел од наставниците во училиштето од објективни причини не се во можност да изготвуваат личен план за професионален развој. Причините се однесуваат на фактот дека обуките за професионален и кариерен развој, кои би требало да ги посетат наставниците во текот на годината би требало да се организирани и реализирани од страна на акредитирани институции од страна на Министерството за образование и наука. Бирото за развој на образованието е единствена таква акредитирана институција, која во изминатите неколку години ангажира соодветни оператори за реализирање на обуки, врз основа на претходно изготвена Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници, која се донесува од страна на Министерот за образование и наука. Министерот за образование и наука ги има донесено Програмите за обуки за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници за 2024 година (Службен весник на РСМ бр. 19 од 26.1.2024 година). Програмите се огласени на огласна табла во наставничката канцеларија во училиштето, и на наставниците им е укажано да изготват лични планови за стручно усовршување.

Наставниците делумно се оневозможени да ја извршуваат самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, од причини што Бирото за развој на образованието, како акредитирана институција за реализација на обуки за професионален развој, нуди ограничена листа на обуки. За наставниците од ДМУЦ „Сергеј Михајлов" Штип заради видот на образование кој се однесува на музичката уметност, потребни се други видови на обуки за професионален и кариерен развој.

Во моментот наставниците не би можеле да се потпрат на резултатите од Интегралната евалуација за изготвување на личниот план за професионален развој, бидејќи последната спроведена Интегрална евалуација за работата во училиштето е во 2019 година. Посета од страна на советници од Бирото за развој на образованието во училиштето немало уште пред пандемијата со Ковид. Сепак, на стручните соработници и на наставниците им се дадени насоки за изготвување на личните планови за професионален и кариерен развој, да ги изготват и предадат до 10.9.2024 година.

Тимот за професионален развој го сочинуваат наставници и стручен соработник. Исклучокот во однос на члените на формираниот тим за професионален развој на наставниците и стручните соработници е заради специфичната организациона структура во училиштето. Имено во училиштето не функционираат стручни активи туку четири оддели.

Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта е согласно Правилникот донесен од страна на Министерот за образование и наука (Службен весник на РС Македонија бр. 161/19) и истиот им е предочен на наставниците и стручните соработници.

Дел од наставниците заради здравствени и други лични неодложни причини не биле во можност да реализираат дел од планираните активности во личниот план за професионален развој, односно од понудената можност за избор на обуки на дадената листа за обуки од страна на Бирото за развој на образованието.

Во училиштето за секој наставник и стручен соработник се води професионално досие.

Формата, содржината и и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник се во согласност со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник во основно и средно училиште (Службен весник на РС Македонија бр. 113 од 1.5.2020) донесен од страна на Министерот за образование и наука.

Директорот на училиштето врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници.

Во училиштето нема наставник кој напредувал во звање наставник – ментор.

Во училиштето нема стручен соработник кој напредувал во звање стручен соработник-ментор.

Во училиштето нема наставник кој напредувал во звање наставник – советник.

Во училиштето нема стручен соработник кој напредувал во звање стручен соработник-советник.

Тим за професионален развој на наставниците и стручните соработници